ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

ДЗР-Q-930-101.01/Изм.01

**Број:** 03-367/1
**Датум: 29.02.2024 година**

Врз основа на член 9 точка 12 од Законот за државна ревизија („Службен весник на Република Македонија" бр.66/10, 145/10, 12/14, 43/14, 154/15, 192/15, 27/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.122/21) а во врска со Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2024 година бр. 01-1187/1 од 22.12.2023 година, Главниот државен ревизор донесе:

***РЕШЕНИЕ***
***за дополнување во Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2024 година***

1. Во Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2024 година заверена под бр. 01-1187/1 од 22.12.2023 година, се врши дополнување во содржината на Годишната програма и Прилог 1, како што следи:

1.1 На страна број 29 во точка 5.3 после алинеја 3 во содржината на Годишната програма се додава нова алинеја 4 која гласи:

- ревизии во реално време по примени барања од надлежните органи во Република Северна Македонија за борба против корупција и останати ревизии по оценка на Главниот државен ревизор.

1.2 Се врши дополнување со следниот опис и броеви во програмата и класата како што следи:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| РР/РУС/РУ | 74 | 13 | Ревизија на јавна набавка на машина за хоризонтална сигнализација | општина Велес |
| РР/РУС/РУ | 75 | - | ревизии во реално време по примени барања од надлежните органи во Република Северна Македонија за борба против корупција и останати ревизии по оценка на Главниот државен ревизор. | |

Согласно горенаведената исправка, редните броеви во Годишната програма а со тоа и во класата соодветно се усогласуваат.

2. Пречистен текст на Прилог бр. 1 од Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2024 година – Планирани ревизии е во прилог на ова Решение.
3. Точните називи, области и субјекти опфатени во точка 75 од прилогот 1 ќе бидат дефинирани на истекот на календарската година.
4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Согласно точка 7.4 од Годишната програма превидено е дека Годишната програма за работа на ДЗР за 2024 година може да биде предмет на измена и дополнување во завинсост од постигнатите резултати, пристигнатите барања за ревизии како и капацитетите на ДЗР, а во врска со примено барање за добивање потребни податоци од Основно јавно обвнителство Велес IV РО бр. 28/24 од 13.02.2024 година, со кое е побарано Државниот завод за ревизија да изврши испитување на законитоста на спроведена постапка за јавна набавка, на финансиските трансакции кои претставуваат јавни приходи и јавни расходи во смисла на законско и наменско користење на средствата на општината со извешната набавка и давање оценка за користење на средствата од аспект на постигната економичност, ефикасност и ефективност, Главниот државен ревизор одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Главен државен ревизор

М-р Максим Ацевски

Прилог: Пречистен Прилог бр. 1 од Годишна за работа на Државниот завод за ревизија за 2024 година

Изработил: м-р Весна Богдановиќ
Контролирал: м-р Александар Поповски